Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата по која е оформен предметот со бр. 12-673/1 од 06.02.2025 година, против ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот поради тоа што за предметниот случај е постапено од страна на друг надлежен орган – Државна комисија за жалби по јавни набавки.

Предметот со бр. 12-673/1 од 06.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 06.02.2025 година е поднесена пријава против --------- (понатаму: Министерство), и оформен е предмет број 12-673/1 од 06.02.2025 година.
Подносителот во пријавата бара од ДКСК да изврши контрола на постапувањето на Министерството во однос на постапка за јавна набавка по Оглас за јавна набавка број ----- од 30.12.2024 година, особено од причина што се работи за набавка на лиценци за огнени ѕидови за заштита на компјутерска мрежа за потребите на Министерството. Подносителот наведува дека констатирал низа пропусти и можно присуство на елементи на корупција од аспект на фаворизирање на определен економски оператор. Дополнително, подносителот смета дека постојат индиции и за низа пропусти во постапката по оглас број ---------- на Министерството за набавка на централен систем за управување со антивирусна заштита и антиспам заштита за електронски поштенски

сандачиња. Имено, горенаведениот оглас бил претходно објавен, при што постапката била поништена, а во повторениот оглас е направена промена на техничката документација со цел фаворизирање на конкретен понудувач.

По разгледувањето на пријавата и предметната документација доставена во прилог на истата, ДКСК утврди дека подносителот на пријавата поднел жалби до Државната комисија за жалби по јавни набавки (понатаму: ДКЖЈН) против Одлуката за избор на најповолна понуда од 31.01.2025 година, донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка број ------ за набавка на стоки - Набавка на лиценци за огнени ѕидови (Firewall licenses) за заштита на компјутерска мрежа на договорниот орган (Министерството) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 31.01.2025 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка број ------- за набавка на стоки – Набавка на централен систем за управување со антивирусна заштита и антивирусна заштита (сервери, персонални компјутери), анти спам заштита за електронски поштенски сандачиња во Microsoft Exchange Server на договорниот орган (Министерството). Во поднесените жалби се опфатени наводите кои подносителот ги има изнесено во пријавата поднесена до ДКСК.

ДКЖЈН со Решение број ----- од --.--.2025 година, ја усвоил жалбата на подносителот на пријавата, односно ја поништил Одлуката за избор на најповолна понуда на Министерството по објавениот оглас број -------. Ова од причина што ДКЖЈН ги сметала за основани жалбените наводи според кои Министерството во постапката на евалуација на понудите постапило спротивно на Законот за јавните набавки и барањата и условите на тендерската документација, односно дека Министерството извршило неправилна евалуација на понудите и постапил спротивно на член 109 од Законот за јавните набавки. ДКЖЈН утврдила дека Министерството неправилно ја евалуирало понудата на избраниот најповолен понудувач. Видно од техничката спецификација од тендерска документација, Министерството навело дека: „Понудувачите се должни кон понудата да приложат и техничка документација/каталози за понудениот модел на стоката од производителот во која ќе ги маркираат бараните технички карактеристики со цел да го докажат исполнувањето на минималните технички карактеристики утврдени во техничката спецификација. Техничките карактеристики на понудените стоки кои се барани во техничките спецификации на тендерската документација во каталозите/брошури/техничка документација треба јасно да се обележат и маркираат, за да може комисијата лесно да ги констатира карактеристиките на

понудената опрема. Доколку не бидат доставени каталози/техничка документација или спротивно од бараниот начин комисијата нема да ги разгледува и ќе констатира дека понудената опрема не ги задоволува бараните карактеристики на опремата." Имајќи ја во предвид напомената и фактот дека избраниот најповолен понудувач не постапил согласно наведената напомена, односно приложената техничка документација/каталози за понудениот модел на стоката од производителот не биле маркирани бараните технички карактеристики со цел да го докажат исполнувањето на минималните технички карактеристики утврдени во техничката спецификација, Министерството сторило повреда кога понудата на избраниот ја евалуирал спротивно на бараното од тендерската документација.
Во однос на барањата од техничка и професионална способност од точка 5.3.2.1: „ - да обезбеди минимум 4 лица (вработени или ангажирани лица) како безбедносни архитекти со сертификат за положен испит за Network Security Professional или еквивалентен и - да обезбеди минимум 2 лица (вработени или ангажирани лица) како безбедносни архитекти со сертификат за положен испит за Network Security Engineer илиеквивалентен;", ДКЖЈН му посочила на Министерството при повторното постапување и одлучување со сигурност да утврди дали поднесените сертификати од страна на жалителот се еквивалентни на бараните во тендерската документација.
Останатите жалбени наводи на подносителот, ДКЖЈН ги оценила како неосновани.
Видно од јавно објавените податоци за постапката на Електронскиот систем за јавни набавки, Министерството има донесено одлука за поништување на постапката број -------.

ДКЖЈН со Решение број ------ од --.--.2025 година, ја одбила како неоснована жалбата на подносителот на пријавата изјавена по оглас број -------. Ова од причина што ДКЖЈН утврдила дека сите жалбени наводи биле задоцнети од причина што истите се однесуваат на содржината на тендерската документација, а согласно член 143 став (1) алинеја 1 и став 2: „Во отворената постапка, жалба се изјавува во рок од десет дена, додека во поедноставената отворена постапка и набавката од мала вредност во рок од пет дена, од денот на: 1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација" и (2) Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставот (1) точките 1, 2 и 3 на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.", оттука жалбените наводи на подносителот на пријавата ДКЖЈН ги третирала за задоцнети. Но,

ДКЖЈН постапувајќи по задолжителна службена должност согласно член 141 став 1 од Законот за јавни набавки утврдила дека Министерството изготвило тендерска документација согласно член 81 и 82 од Законот за јавните набавки, додека жалбените наводи според кои техничката спецификација се однесувала на конкретен производител според ДКЖЈН биле неосновани, од причина што подносителот на пријавата не ги сторил за веројатни ниту пак ги докажал со било какви докази ваквите тврдења.

*Според член 130 став 1 точка 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021 и 14/2025) (понатаму: ЗЈН), Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за: решавање по жалби во постапките за јавни набавки пропишани со овој закон.*
*Според член 138 став 1 од ЗЈН, секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.*

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, бидејќи за наводите истакнати во пријавата за предметниот случај постапил надлежен орган – Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О.Советник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата